# 67. ПИЛА НЕДА НОЌНА ВОДА

Крај: Тиквеш, Неготино
Пеела: Душанка Шарац
Родена: Неготино, 1942 год.
Мелограф.: Ал. Линин

Лента бр.: 250/1
Снимена: Неготино, Тиквеш
27 октомври 1959 год.
Мелограф.: Скопје, 28.05. 1964.




1. Пила Неда ноќна вода,
   ноќна вода, неделетна;
2. па испила лута змија,
   лута змија, троjоглава;
3. лута змија троjоглава,
   троjоглава, петокрила;
4. сите викат: Неда болна,
   Неда вика: не сум болна;
5. никуj Неда не веруjе,
   само дедо jа веруjе;
6. — Викаjте ги општинари,
   да соберат сви селани,
7. да распорат бела Неда,
   да извадат лута змија,
8. лута змиjа троjоглава,
   троjоглава, петокрила.
9. Ги викнаjа општинари,
   исобраjа сви селани;
10. распорија бела Неда,
    извадија лута змија;
11. лута змиjа, троjоглава,
    троjоглава, петокрила.

Забелешка: Мелострофите се пеат по двапати.

Линин, Александар. Тиквешки народни песни. Скопје: Мисла 1978